РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË

Бр.-Nr. 08-3/9

09.06. 2022 год.-viti
Скопје - Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 36 седница одржана на 27.04.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на проект за основање на Факултет за здраствени науки на Универзитетот на Југоисточна Европа**

1. Се акредитира проектот за основање на Факултетот за здраствени науки на Универзитетот на Југоисточна Европа, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Научно - истражувачко подрачје:3 Медицински науки и здраство
Научно – истражувачко поле: 305 Здраствена
Научно – истражувачка област: 30501 Здраствена нега, 30507 Детски болести со нега на болно и здраво дете.

3. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената Одлука бр. 02-3951 од 19.11.2021 година од Одборот на Универзитетот на Југоисточна Европа Тетово и Одлука од Владата на Република Северна Македонија со број 40-13582/1 од 30.12.2021 година, за освојување на проектот за основање на Факултетот за здравствени науки на Универзитетот на Југоисточна Европа, Тетово до Одборот

за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.03-01/1 од 03.01.2022 година (наш бр. 08 - 3/1 од 03.01.2022 година) за прифаќање на проектот, односно за акредитација на Факултетот за здраствени науки на Југоисточна Европа, Тетово.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 29-та седницата одржана на 13.01.2022 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 3/6 од 13.05.2022 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 36 - та седница одржана на 27.04.2022 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на проектот за основање на Факултет е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова